**<u>Образец бр. 2</u>**

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**

Во Република Македонија доделувањето на концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерств, правната заштита во постапката, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство е уредена со Законот за концесии и јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ бр.6/12).

Со оглед на тоа што во овој закон како системски закон во оваа област е пропишана посебна постапка за доделување на концесиите на добра од општ интерес, која се однесува и се применува кај сите видови на концесии на добра од општ интерес регулирани со посебните закони од соодветната област, а со цел воведувањето на електронската аукција како дел од оваа постапка, како завршна фаза пред донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда, се наметна потребата овој закон да се дорегулира со одредби за електронска аукција со позитивно наддавање.

Со Предлог на законот се воведува можноста за користење на инструментот електронска аукција како дел од постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес, заради обезбедување на поголема транспарентност и конкурентност во постапката.
Притоа, со оглед на тоа што со овој закон се пропишуваат условите и начинот на спроведувањето на електронската аукција, која ќе се применува од страна на соодветните министерства доколку за тоа одлучи концедентот, неопходно е истите да воспостават систем за електронска аукција.

**Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Основните цели на предложениот закон е обезбедување потранспарентна постапка при доделување на концесиите на добра од општ интерес, со воведување на можноста концедентот да примени електронската аукција со позитивно наддавање, како последна фаза во постапката пред донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

2. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Решенијата се во насока на:
1.Дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство со одредби за начинот и условите под кои ќе се користи електронската аукција, како дел од постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес и
2.Дополнување на посебните закони кои регулираат концесии на добтра од општ интерес со одредби за воспоставување на системот за електронаска аукција

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

Трошоците се во делот на воспоставувањето на софтверското решение за примената на електронската аукција при доделувањето на соодветниот вид на концесија на добра од општ интерес. Поточно, фискалните импликации се од аспект на обезбедување на финансиски средства за воведување на софтверско решение-систем за електронска

аукција од страна на органите кои ќе одлучат да применат електронска аукција во постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес предвидени со посебните закони од нивна надлежност.

**Предложено решение (опција):** Предлог на Закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство

**Опис:** Со Предлог на законот се врши дополнување во ГЛАВАТА II на Законот за концесии и јавно приватно партнерство со одредби за формата, начинот и условите во кои концедентот доколку смета за потребно доделувањето на соодветната концесија на добро од општ интерес предвидена со посебен закон, да ја додели со електронска аукција со позитивно наддавање како последна фаза во постапката пропишана со предметниот закон, пред донесувањето на Одлуката за избор на најповолна понуда.
Со член 1 од Предлог од законот се дополнува членот 3 став 2 со нова алинеја 19 со дефиниција за електронска аукција.
Со членот 2 се додаваат седум нови члена и тоа членовите 33-а, 33-б, 33-в, 33-г, 33-д, 33-ѓ и 33-е со кои се пропишува можноста концедентот да користи електронска аукција како последна фаза во постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес, како и предметот, условите и начинот на нејзино користење и спроведување.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

  ДА

  Трошоците се во делот на воспоставувањето на софтверското решение за примената на електронската аукција при доделувањето на соодветниот вид на концесија на добра од општ интерес.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со предложениот закон ќе се овозможи потранспарентна постапка при доделување на концесиите на добра од општ интерес, со воведување на можноста концедентот да примени електронската аукција со позитивно наддавање, како последна фаза во постапката пред донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

3. **Ризици и претпоставки**

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со Предлог на законот се воведува можноста за користење на инструментот електронска аукција како дел од постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Александар Поповски, Раководител на сектор за правни работи
   т. 3093 491
   e-mail aleksandar.popovski@economy.gov.mk

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   Анче Трифунов, Државен секретар

   т.3093 404

   e-mail ance.trifunov@economy.gov.mk

   Александар Поповски, Раководител на сектор за правни работи
   т. 3093 491
   e-mail aleksandar.popovski@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклучени организации и претставници:<br>Своe мислење дадоа следниве организации: | |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас Ваљон Сарачини изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Valon Saraqini:

............................................................................... Датум:03.05.2012 год.